Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 04-439/1
25.02.2026 год./vit.
Кичево - Kërçovë

Врз основа на член 6 ст.2 одЗаконот за вработени во јавен сектор, чл.37-ѓ од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Законот за работни односи, Законот за вработени во јавен сектор, чл.37 став 1 точка 7 од Статутот на ЈП „Студенчица "Кичево, Правилникот за систематизација на работните места во ЈП „Студенчица" Кичево бр.02-1977/1 од 17.11.2015 година, бр.02-661/1 од 18.04.2018 година, бр.02-1114/1 од 09.05.2019 година бр.02-135/1 од 27.01.2020 година, бр.02-1645/1 од 11.11.2020 година, бр.02-336/1 од 04.02.2021 година, бр.02-1023/2 од 17.06.2021 година, бр.02-1301/2 од 17.08.2022 година, бр.02-491/1 од 19.03.2025 година, бр. 02-872/1 од 16.06.2025 година, бр.02-99/1 од 22.01.2026 година и Известување за обезбедени финансиски средства во финансискиот план за тековната фискална година (2026) архивски број 19-784/2 од 23.02.2026 година на Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Директорот на ЈП„Студенчица" Кичево, ја донесе следната

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2026**

**за пополнување на работно место со унапредување на помошно техничко лице во ЈП за водоснабдување „Студенчица "Кичево по пат на интерен оглас**

ЈП за водоснабдување „ Студенчица " Кичево објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) извршител, со статус помошно техничко лица од прво ниво за работното место -**„Одговерен за работници за обезбедување и портири„ со шифра КДР 04 02 А01 005**

**Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови :**

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работно место :**

- завршено најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,
- возачка дозвола Б категорија,
- лиценца за физичко обезбедување согласно Законот за приватно обезбедување.

Паричен износ за нето плата за работно место :41.898,00 денари

**Распоред за работно место:**

-Работни денови: од понеделник до петок,
- Неделно работни часови: 40 часа,
-Работно време: од 07:00-15:00 часот во РГ Другово ЈП "Студенчица" Кичево.

На интерниот оглас може да се пријави лице кое е вработено во ЈП "Студенчица" Кичево, кое покрај општите услови ги исполнува и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво, согласно Законот за јавни претпријатија и

Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Кичево.

Кандидатот доставуваат пријава за унапредување која може да се превземе од ВЕБ страницата на ЈП„Студенчица"Кичево www.studencica.com.mk или ќе може и да се подигне од архивата на ЈП„Студенчица"Кичево секој работен ден од 08:30 до 15:30 часот.

**Кон пријавата за работно место кандидатот треба да ги достават следните документи:**

- диплома за завршено соодветно образование
- уверение за државјанство,
- возачка дозвола Б категорија, и
- лиценца за физичко обезбедување согласно Законот за приватно обезбедување,
- доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, непостара од 6 (шест) месеци
- лична карта и извод од матичната книга на родените.
- Лекарско уверение за општа здравствена состојба за работното место издадено од доктор специјалист по медицина на трудот не постаро од 1 (една) година.

**Документацијата наведена погоре кандидатот ја доставуваат во оригинал или во копие заверени на нотар како доказ за веродостојноста на истата.**

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот на ВЕБ страната и на огласната табла на ЈП "Студенчица" Кичево.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**Пријавата со потребната документација, кандидатите ја доставуваат во затворен коверт директно во архивата на јавното претпријатие или преку пошта на следнава адреса:**

**ЈП за водоснабдување „Студенчица"Кичево**
**ул. „Булевар Ослободување " бр. 60А/1-1**
**(со назнака „за оглас бр.2/2026 за унапредивање")**

Пријавата за вработување кандидатите мора да ја потпишат, во спротивно таквата пријава ќе се смета дека е невалидна и нема да се разгледува.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

**Постапката за селекција за унапредивање се состои од две фази и тоа:**

Фаза 1: - Селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во интерниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2: – Интервју

По селекцијата на пријавите, кандидатите кои имаат уредна документација ќе бидат повикани на интервју во просториите на ЈП „Студенчица" Кичево.

Постапката за селекција и интервјуто ќе ги спроведе надлежна Комисија, формирана од Директорот со посебно решение за спроведување на постапка за унапредување.

Врз основа на резултатите од селекцијата и интервјуто, комисијата ќе достави финална ранг листа од кандидатите до директорот на Јавното претпријатие за водоснабдување "Студенчица" Кичево со предлог за унапредување на работното место.

**НАПОМЕНА : Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, нема да се разгледува и пријавата ќе биде отфрлена.**

**ЈП „Студенчица"Кичево**
**Директор**
**м-р Дејан Пандилески**